**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 02.04.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на Одлуката за пресметка и распределба на награда на членовите на Надзорниот одбор

### Член 1

Се одобрува Одлуката за пресметка и распределба на награда на членовите на Надзорниот одбор на Банката бр.02-180-146/14.12.2018 година, со која на членовите на Надзорниот одбор им се определува награда за 2018 година во бруто-износ од 1.021.666 денари.

### Член 2

Средствата за награда на Надзорниот одбор, кои претставуваат трошок за Банката во 2018 година, да се распределат во готово.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ СО**
**СОБРАНИЕТО**

**О б р а з л о ж е н и е**

**кон Предлог-одлуката за одобрување на Одлуката за пресметка и распределба на награда на членовите на Надзорниот одбор**

Согласно Законот за трговски друштва и Политиката за наградување на Банката, надоместоците што ги добиваат членовите на Надзорниот одбор се определуваат врз основа на Одлука што ја донесува Собранието на акционери на Банката.

Надзорниот одбор во 2018 година во непосредна соработка со Управниот одбор значително придонел за создавање услови за добро работење, успешна реализација на деловните активности и управување со Банката како и за нејзината стабилност.

При тоа, Надзорниот одбор ја усвоил и во соработка со Управниот одбор ја следел успешната имплементацијата на деловната политика за 2018 година на Банката. Активно бил вклучен во надзорот над успешното работење на Банката и континуирано бил во тек со значајните промени во нејзиното работење и дејствувал навремено за заштита на долгорочните цели на Банката. Заедно со Управниот одбор воспоставил и промовирал висока корпоративна култура и вредности во Банката. При извршувањето на своите надлежности, Надзорниот одбор ги имал во предвид интересите на заинтересираните лица и обезбедувал услови за одржување ефикасна соработка со Народната банка и со останатите регулаторни органи. Надзорниот одбор вршел и самооценување и оцена на членовите на Одборот за управување со ризиците, Одборот за ревизија и Управниот одбор, согласно со Политиката за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризиците, Одборот за ревизија и Управниот одбор и ги дефинирал правата и одговорностите на законски пропишаните одбори и на Управниот одбор. Надзорниот одбор воспоставил и активно го следел спроведувањето на системот за управување со ризиците и внатрешна ревизија, вклучувајќи го и работењето на Одборот за управување со ризиците и Одборот за ревизија. Надзорниот одбор заедно со Управниот одбор правилно го утврдил прифатливото ниво на ризик, имајќи ги предвид пазарната конкуренција, регулаторните барања, долгорочните цели на Банката, изложеноста на ризиците и капацитетот за преземање ризици, што подразбира и усогласеност на прифатливото ниво на ризик со деловната политика, финансискиот план, процесот на утврдување на интерниот капитал и системот за наградување во Банката.

Надзорниот одбор во соработка со Управниот одборо редовно го следел и финансиското работење на Банката и остварениот позитивен финансиски резултат, како и начинот на кој се извршувало финансиското известување. Исто така, редовно го следел и системот на наградување во Банката и вршел оцена за неговата согласност со Политиката за наградување. Надзорниот одбор редовно ги разгледувал трансакциите со поврзаните лица со Банката и спроведувањето на интерните акти на Банката.

Со оглед на тоа што оваа одредба беше изоставена во Одлуката за распределба на добивка за 2018 година донесена од Собранието на Банката, а законска надлежност за одлучување има Собранието на Банката, се предлага Собранието на акционери на Банката распределбата на наградата на членовите на Надзорниот одбор за 2018 година, да ја одобри како посебна одлука.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**НА БАНКАТА**